РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бр. 02 -3283/2
27.12.2024 год.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), а во врска со член 24, став 3 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019, 607/2022 и 689/2024 - анекс) постапувајќи по предлогот на Деканатската управа бр. 02-3283/1 од 24.12.2024година, Наставно - научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на ден 26.12.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

за определување на роковите за запишување на
летниот семестар во учебната 2024/2025 година

1. Студентот може да го запише летниот семестар во учебната 2024/2025 година во период од 5.2.2025г. до 18.2.2025 година.
2. Студентот кој не го запишал летниот семестар во учебната 2024/2025 година во определениот рок во член 1 од оваа одлука, тоа може да го стори во период од 19.2.2025 година до 4.3.2025 година, со поднесено барање со образложение и плаќање на надоместок за задоцнето запишување, утврден во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024)
3. По истекот на рокот од член 2 на оваа одлука, на студентот нема да му биде дозволено запишување на летниот семестар во учебната 2024/2025 година.
4. Барање за мирување на студиите студентот може да побара во роковите за упис на семестарот, но не подоцна од 4.3.2025 година.
5. Студентите кои до 31.3.2025г. ќе ја одбранат својата дипломска работа се ослободуваат од запишување на летниот семестар во учебната 2024/2025 година, во спротивно, по тој рок, се должни да го запишат семестар со поднесено барање со образложение и плаќање на надоместок за задоцнето запишување, утврден во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024) најдоцна до 4.4.2024г.
6. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Д Е К А Н

Проф. д-р Даворин Трпески

Да се достави до:
- Архива;
- Продекан за наставни и студентски прашања;
- Институти;
- Секретар;
- Одделение за студентски прашања;
- Раководител на Одделение за општи и правни работи и библиотечно работење;
- ВЕБ страна на Факултетот;

Изработил: Јадранка Стојчевска
Одобрил: Сања Мицковиќ